МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 13 став 6 од Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЃУБРИЊА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЃУБРИЊА И ПОСТАПКАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЃУБРИЊА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината на барањето за упис во Регистарот на производители на ѓубриња и потребната документација, формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на производители на ѓубриња и постапката за запишување во Регистарот на производители на ѓубриња.

## Член 2

Барањето за упис во Регистарот на производители на ѓубриња се издава во А4 формат на хартија во бела боја.

Барањето од ставот (1) на овој член ги содржи следните податоци:

- назив на правното лице;

- регистарски број на правното лице – производител, издаден од Централен регистар на Република Македонија;

- шифра на дејност според националната класификација на дејности;

- број на деловниот субјект;

- даночен број;

- адреса и седиште на производителот;

- адреса на производниот погон;

- вид на ѓубрето;

- тип на ѓубрето;

- останати податоци;

- потпис на подносител на барањето;

- дата на поднесување и

- место на печат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Кон барањето за упис во Регистарот на производители на ѓубрива се доставува следната документација:

- копија од решение за упис на правното лице издадено од Централен регистар на Република Македонија;

- копија од имотен лист или договор за користење под закуп на просториите наменети за производство на ѓубрива;

- доказ за вработено лице на неопределено време (М1/М2) образец и договор за работа (оригинал или заверено на нотар);

- диплома или уверение за завршено висока стручна спрема од областа на биотехнички науки или хемија, оригинал или заверени на нотар;

- решение за упис во регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубрива на големо (издадено од фитосанитарна управа) и

- решение за одобрување на студија за оценка на влијание врз животната средина, или решение за одобрување на елаборат за заштита на животна средина и /или интегрирана еколошка дозвола издадени од надлежен орган согласно Законот за животната средина.

**Член 4**

Регистарот на производители на ѓубрива се води во електронска и пишана форма.

Регистарот од став 1 на овој член се води во форма на книга со тврди корици во која се содржани евиденциски листови во бела боја со А3 формат кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

На предната страна на книгата со златна боја е втиснат грбот на „Република Македонија“, а под него се впишани зборовите: „Република Македонија“, „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство“, „Фитосанитарна управа“ и „Регистар на производители на ѓубрива“.

Евиденциските листови од став (2) на овој член ги содржат следните податоци:

- идентификациски број на правното лице - производител;

- ознака за типот на ѓубрето;

- назив на правното лице - производител;

- единствен даночен број на правното лице - производител;

- број на деловниот субјект;

- седиште и адреса на правното лице - производител;

- адреса на објектот за производство;

- датум и архивски број на барањето за упис во Регистарот на производители на ѓубрива;

- датум и број на решението за упис во Регистарот на производители на ѓубрива, издадено од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа;

- останати потребни податоци согласно барањето за упис;

- промени и

- забелешки.

Формата и содржината на Регистарот на производители на ѓубрива се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Правното лице кое сака да се занимава со производство на ѓубрива го поднесува барањето и потребната документација од член 3 од овој правилник до Фитосанитарната управа.

Доколку при проверка на документацијата се утврди дека истата е некомплетна, подносителот на барањето се известува истата да ја дополни во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето.

Доколку подносителот на барањето не постапи во рокот од став 2 на овој член, односно не ја достави документацијата до Фитосанитарната управа, во тој случај ќе се смета дека барањето е некомплетно.

**Член 6**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината и начинот на водење на регистарот на производители на ѓубрива, постапката и документацијата за запишување во регистарот на производители, условите за евидентирање на ѓубрето во Листата на ѓубрива кои се произведуваат и пласираат на пазар(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/11).

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-153/4 Министер за земјоделство,

мај 2015 година шумарство и водостопанство,

Скопје м-р Михаил Цветков, с.р.

Прилог 1

**До:**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Фитосанитарна управа - Скопје**

**Барање за упис во Регистарот на производители на ѓубрива**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Назив на правното лице** | |
| **2.** | **Регистарски број на правното лице – производител, издаден од Централниот регистар на Република Македонија** | |
| **3** | **Шифра на дејност според национална класификација на дејност** | |
| **4.** | **Број на деловниот субјект** | |
| **5.** | **Даночен број** | |
| **6.** | **Адреса и седиште на производителот** | |
| **7.** | **Адреса на производниот погон** | |
| **8.** | **Вид на ѓубрето** | |
| **9.** | **Тип на ѓубрето** | |
| **10.** | **Останати податоци** | |

Потпис на подносител на барањето

______________________________

Дата на поднесување и М.П.

______________________________

Прилог 2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ФИТОСАНИТАРНА УПРАВА

# РЕГИСТАР НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЃУБРИЊА

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Идентификациски број на правното лице - производител | Ознаката за типот на ѓубрето | Назив на правното лице - производител | Единствен даночен број на правното лице - производител | Број на деловниот субјект | Седиште и адреса на правното лице - производител | Адреса на објектот за производство | Датум и архивски број на барањето за упис во Регистарот на производители | Датум и број на решението за упис во Регистарот на производители, издадено од Фитосанитарна управа - Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство | Останати потребни податоци согласно барањето за упис | Промени | Забелешки |
| 1 | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | |